шио е шака.

ПЕТЛЕВСКИ НИКОГАШ НЕ БИЛ ЗАБОРАВЕН ВО МАКЕДОНИЈА

# Секогаш достојно застапен

Иако, по завршувањето на ликовните студии во Загреб, Петлевски останал во хрватската престолнина, каде го минал сиот свој творечки век, тој, сепак, во ниту еден момент не бил заборавен и маргинализиран во својата татковина, тврди **проф. д-р Борис Петковски**.

Петлевски бил вклучен во Иницијативниот одбор за формирање на Музејот на современа уметност во Скопје 1963 г. и како негов член активно учествувал во поставувањето на концепциските основи на Музејот.

Музејот на современа уметност, формиран 1963 г., веќе следната година, според одлуката на тогашното југословенско жири, му ја доделил на Петлевски првата награда на Југословенското триенале. Меѓутоа, тој ја одбил наградата бидејќи интимно ја очекувал официјалната награда на Триеналето.

Во текот на 60-тите години, тогашната македонската држава, неколкупати купила поголем број слики, графики и цртежи на Петлевски.

Првата ретроспектива, која во 1971 г. ја организираше Музејот на современа уметност во својата нова зграда, каде што и денес се наоѓа, му била посветена токму нему, што посредно говори за општиот консензус околу значењето на творечкиот опус на овој автор. Проф. д-р Петковски тврди дека и во постојаната поставка на Музејот на современа уметност Петлевски бил постојано добро застапен со свои творби, а Музејот во тој период откупил голем број дела од овој автор, со кои беше збогатена скопаката поставновка на оваа изложба.



Во годината кога во МСУ е отворена првата ретроспектива на Петлевски, во режија на Бранко Гапо е снимен и документарен филм, посветен на овој сликар. Петлевски бил канет и да учествува со свои дела во изложбите на македонските сликари во странство. 1970г., на пример, тој ја одбил поканата да учествува во големата изложба на македонските сликари во Париз бидејќи неговите дела биле застапени и во хрватската презентација.

Комплексното и вонредно значајното творештво на Петлевски е застапено на најдостоинствен начин и во повеќе студии и книги, објавувани на македонски и преведувани на англиски јазик, а во текот на 80-тите му е предложено и дописно членство во МАНУ, кое Петлевски - го одбил.

“Поради сево ова“, вели проф. д-р Петковски, “фамата што се создава како да е ова прво поголемо претставување на Петлевски е неточна, зашто Македонија никогаш не го заборавила и тој секогаш бил достојно презентиран во македонската култура“. Ј.Ф.

Македонија денес, 15.11.1999